**20210691044**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 90 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124 /19) Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за лиценца за вршење на геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/13 и 29/19), по членот 8, се додава нов наслов и нов член 8-а која гласи:

„Лиценциран софтвер за изработка на геодетски елаборати

Член 8-а

Трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи за да се стекне со лиценца, потребно е да има лиценциран софтвер за изработка на дигитални геодетски елаборати, кој е во сопственост на Агенцијата (МАКЕДИТ), а во функција на изготвување на дигитални геодетски елаборати со структура која е компатибилна за импортирање на графичките и описните податоци од дигиталниот геодетски елаборат во базата на податоци во електронскиот катастар.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0101-4617/1
22 март 2021 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Ирма Мандева,** с.р.